Уп. Бр.08-99/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц., со регистрирано седиште на П.О. Бокс 898, Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати и Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ, Австрија со регистрирано седиште Колингассе 14-16, 1090 Виена, Австрија, преку полномошник Јасмина Илиева Јовановиќ, Адвокат во Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 26.07.2023 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на друштвата Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц., со регистрирано седиште на П.О. Бокс 898, Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати и Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ, Австрија со регистрирано седиште Колингассе 14-16, 1090 Виена, Австрија над друштвото ОМВ Актиенгеселлсцхафт, со регистрирано седиште на Трабреннстрассе 6-8, 1020 Виена, Австрија, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 05.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц., со регистрирано седиште на П.О. Бокс 898, Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати и Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ, Австрија со регистрирано седиште Колингассе 14-16, 1090 Виена, Австрија, со која Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц. и Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ, Австрија ќе стекнат заедничка контрола над друштвото ОМВ Актиенгеселлсцхафт, со регистрирано седиште на Трабреннстрассе 6-8, 1020 Виена, Австрија, по пат на

купопродажба на акции. Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц. има намера да стекне удел од 24,9% што ќе резултира со заедничка контрола над ОМВ Актиенгеселлсцхафт и над нејзините директни и индиректни зависни друштва. Концентрацијата нема да има ефект врз уделот во ОМВ на постојниот и втор по големина акционер во ОМВ, Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц.** е енергетска и петрохемиска групација, која работи низ целиот синџир на производство на јаглеводороди преку мрежа на целосно интегрирани деловни потфати.

Абу Даби Нешнл Оил Компани П.Ј.С.Ц. нема зависни друштва или друго регистрирано корпоративно присуство во Република Северна Македонија и не врши никакви комерцијални активности во земјата – т.е. нема комерцијална продажба и нема пазарно присуство во Република Северна Македонија.

**Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ** е автономна државна холдинг компанија, со седиште во Виена, Австрија која управува со државните инвестиции. Оваа компанија е постоечки акционер во ОМВ Актиенгеселлсцхафт.

Остерреицхисцхе Бетеилигунгс АГ нема зависни друштва или друг вид на корпоративно присуство и не извршува било какви деловни активности во Република Северна Македонија.

**ОМВ Актиенгеселлсцхафт** е активно на светско ниво на пазарот ориентиран кон добавувачи (upstream market) и пазарот ориентиран кон клиенти (downstream market) на нафта и гас, како и во врска со производство и продажба на олефини, полиолефини и базни хемикалии.

ОМВ Актиенгеселлсцхафт нема зависни друштва или друг вид на корпоративно присуство во Република Северна Македонија додека едно од зависните друштва во ОМВ Групацијата врши ограничена продажба на клиентите во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на*

*конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**